Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), член 150-г став (1) и член 274 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19,153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ, КАКО И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕД ЗА УМРЕНИ ЛИЦА ЗА 2020 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Министерството за здравство се залага за стручно усовршување, односно специјализација/супспецијализација на медицинскиот кадар од јавните здравствени установи во Република Северна Македонија со долгорочна цел подигнување на квалитетот на укажувањето на здравствените услуги во државата. Во таа насока се обезбедуваат што е можно поголем број специјализации за македонските доктори, имајќи предвид дека нивната специјализација овозможува и поголема достапност до специјалистички услуги за граѓаните, како и подобра искористеност на медицинската опрема.

Освен овие активности, а со цел стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, подигнување на нивото на стручно знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги во сите облици на здравствена заштита во секојдневната пракса, како и продуцирање на нови стручни лица во државата, Министерството за здравство преку јавните здравствени установи овозможува ангажирање на еминентни странски лекари и експерти, медицински професионалци од најразлични области од медицината, како и спроведување на едукација на овластени лица за преглед на умрени лица.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е подигнување на нивото на стручното знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најновите знаења и примена на најсовремени техники на лекување, зголемување на бројот на специјалистички кадри во здравствениот систем, како и обезбедување на обучени лица овластени за преглед на умрени лица на ниво на Република Северна Македонија.

## III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И ОБЛАСТИ

Со оваа програма предвидени се активности од следните области:

## 1. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ, СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ НА ЛЕКАРИ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Со оваа програма опфатени се специјализациите, односно супспецијализациите на лекари од јавните здравствени установи од Република Северна Македонија во реномирани медицински центри/факултети/универзитети во странство.

## 2. АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ МЕДИЦИНСКИ ЛИЦА ОД СТРАНСТВО

Со оваа програма се опфатени трошоците кои произлегуваат од ангажирањето на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство во текот на 2020 година со цел едукации/практична работа/тренинзи/обука на медицинскиот кадар во јавните здравствени установи во Република Северна Македонија.

Во текот на 2020 години планирано е ангажирање на стручни медицински лица од странство за потребите на следните јавни здравствени установи:

- ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје
- ЈЗУ Клиничка болница Штип
- ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле" – Скопје
- ЈЗУ Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија – Скопје
- ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември - Скопје

## 3. ЕДУКАЦИИ ВО УСТАНОВАТА МЕДИЦИНСКИ СИМУЛАЦИСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Со оваа програма се опфатени и едукации кои се реализираат во установата Медицински симулациски центар Скопје, кои се наменети за стекнување практични вештини неопходни за стекнување на називот доктор на медицина, дел од процесот на полагање на практичниот дел од стручниот испит, дел од процесот на стекнување на практични вештини за стекнување со стручно звање специјалист и супспецијалист, дел од полагањето на практичниот дел на специјалистичкиот и супспецијалистичкиот испит и дел од процесот на продолжување на лиценца на докторите на медицина.

Средствата ќе се исплаќаат периодично, согласно потребата и динамиката на реализација на едукациите. Установата Медицински симулациски центар Скопје до Министерството за здравство ќе доставува периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот за којшто се известува.

## 4. КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ

Со оваа програма е опфатена и можноста за кофинансирање на здравствените работници и здравствените соработници, односно дел од надоместокот за овие специјализации се покрива со оваа програма согласно склучени договори.

## 5. ОБУКА НА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ЗА ПРЕГЛЕД НА УМРЕНИ ЛИЦА

Програмата за обука на овластени лица за преглед на умрени лица, има за цел да ги оспособи кандидатите за самостоен преглед на умрени лица, утврдување на постоење на промени и/или повреди кои би укажувале на евентуално насилна смрт.

Програмата за обука на лица за преглед на умрени лица се состои од теоретски и практичен дел со вкупно 320 часа, која се спроведува од страна на:

- Институт за судска медицина и форензика во соработка со Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика и
- Институт за патолошка анатомија.

# IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата од оваа програма се предвидени за спроведување на активности од следните области:

1. Во областа *Специјализации, супспецијализации на лекари од Република Северна Македонија во странство*, предвидени финансиски средства за :

1.2. Трошоци кои произлегуваат од специјализациите/супспецијализациите во странство согласно склучени договори и решенија: надомест за школарина и полагање специјалистички испит, месечен надомест за престој во износ од 500 евра, патни трошоци, сместување и др.,

1.3. Дополнителни трошоци кои произлегуваат од законските прописи од земјата каде се спроведува специјализацијата/супспецијализацијата со доставување на соодветен документ.

2. Во областа *Ангажирање на стручни медицински лица од странство*, предвидени се финансиски средства за :

2.1. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на ортопедија, трауматологија, невромониторинг и спортски трауматизам за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.200.000,00 денари,

2.2. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на офталмологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари,

донесена од Министерот за здравство во вкупен годишен износ до 1.440.000,00 денари,

2.3. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на педијатрија, неонатологија за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/ обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.960.000,00 денари,

2.4. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на неврохирургијата (ендоваскуларната неврохирургија, спинална неврохирургија и ендоскопија на хипофиза) за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.000.000,00 денари,

2.5. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на торакална и васкуларна хирургија (за воведување на минимум инванзивна техника – ВАТС процедура) за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија Скопје во вкупен годишен износ до 2.000.000,00 денари

2.6. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на максилофацијална хирургија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Клиничка болница - Штип, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 738.000,00 денари

2.7. Трошоци за ангажирање на странски доктори за развој на центарот за цистична фиброза за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле", до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 720.000,00 денари.

2.8. Трошоци за ангажирање на странски доктори за развој на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија до Министерство за здравство, а

согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 1.600.000,00 денари

2.9. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на офталмологија и оториноларингологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство во вкупен годишен износ до 1.440.000,00 денари.

3. Во областа *Едукации во установата Медицински Симулациски Центар – Скопје*, предвидени се финансиски средства за :

3.1. Трошоци за едукации кои се реализираат во установата Медицински симулациски центар Скопје по доставени периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот во висина од 6.000.000,00 денари, согласно утврдениот ценовник на установата.

4. Во областа *Кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени*, предвидени се финансиски средства за :

4.1. Трошоци за покривање на дел од средствата за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата и за полагање на специјалистички, односно супспецијалистички испит на здравствените работници и здравствените соработници преку кофинансирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Медицински факултет Скопје и Универзитет „Гоце Делчев" - Штип – Медицински факултет Штип, согласно склучените договори.

5. Во областа *Обука на овластени лица за преглед на умрени лица*, предвидени се финансиски средства за спроведување на обука за овластени лица за преглед на умрени лица со дефинирана цена од 18.750,00 денари по слушател. Исплатата ќе се врши согласно добиена фактура од Универзитетот " Св. Кирил и Методиј " – Медицински факултет – Скопје, заедно со извештаите од институциите наведени во глава III, точка 5 од оваа програма, за целосна реализација на обуката.

6. Програмата опфаќа и дополнителни трошоци доколку произлезат од ангажирање на странски доктори/тимови со цел едуцирање на нашите доктори и медицинскиот кадар, како и едукациите кои се спроведуваат во Медицинскиот симулациски центар Скопје согласно склучените договори.

7. Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во вкупен износ од 50.000.000,00

денари од кои 15.000.000,00 денари од основниот буџет и 35.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Неизмирените обврски ќе се измират во 2020 година.

## V. СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на активностите од оваа програма се грижи Министерство за здравство.

## VI. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10086/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.